Врз основа на член 77- ж став 1 од Законот за Култура(„Службен Весник на Република Македонија" бр.31/1998; 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Одлука на Управен Одбор на НУ Македонска Филхармонија за усвојување на приговор бр.04-5/2 од 22.01.2020 година, Предлогот на Комисијата за аудиција за избор на најдобар кандидат даден на Записник од спроведена аудиција бр.04-78/1 од 15.02.2020 година, а во врска со работното место Пијанист од Јавниот оглас бр.01/2019 година, објавен во дневните весници „Слободен Печат", "Вечер" и „Коха" на 27.11.2019, и на веб страната на Националната Установа Македонска Филхармонија –Скопје, Директорот на НУ Македонска Филхармонија Скопје, Виктор Илиески ја донесе следната:

"МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА"
Бр. 04-78/2
15.02. 20
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**

**За избор на кандидат на работно место пијанист по оглас бр.01/2019**

1. По спроведената постапка за вработување на еден извршител (1) на работното место, пијанист КУЛ 03 04 А03 020 по објавениот оглас бр.01./2019 се избира кандидатот: Маријана Николовска
2. По конечноста на одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување.

Образложение

Врз основа на утврдена потреба, а по претходно обезбедена согласност за вработување бр.18-8271/4 од 21.11.2019 година, НУ Македонска Филхармонија Скопје, објави оглас за вработување на едно лице, за работното место Пијанист, категорија – А уметници, ниво А3, шифра КУЛ 03 04 А03 020, од јавниот оглас бр.01/2019.

На огласот објавен во дневните весници „Слободен Печат", "Вечер" и „Коха" на 27.11.2019 година се јавија 5(пет) кандидат. По Одлука на Управен Одбор на НУ Македонска Филхармонија за усвојување на приговор бр.04-5/2 од 22.01.2020 година, сите 5(пет) кандидати беа уредно поканети за аудицијата закажана за 10.02.2020 година. На одржаната аудицијата учествуваа 2 (двајца) кандидати.

Од кандидатите кои учествуваа на аудицијата кандидатот Маријана Николовска освои најмногу бодови. Како најдобар кандидат за работното место –пијанист по огласот бр. 1/2019 комисијата за аудиција му предложи на директорот да го избери кандидатот Маријана Николовска.

Од тие причини, Директорот на НУ Македонска Филхармонија Скопје одлучи како во изреката на одлуката.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Управниот одбор на НУ Македонска Филхармонија –Скопје, во рок од 8 дена по приемот.

Доставено до:

-Кандидатите
-Човечки ресурси и веб страна
-Огласна табла
-Архива

Директор
Виктор Илиески